РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1900/1
05-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2864/1 од 28.10.2025 година, поднесена по основ на сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на претседателот и членовите на Испитната комисија при Испитен центар „---------" - ------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, бидејќи ДКСК веќе постапувила по пријава со исти наводи и има донесено одлука во рамките на својата надлежност.

Предметот со број 12-2864/1 од 28.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 28.10.2025 година, поднесена е пријава во врска со сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на претседателот и членовите на Испитната комисија при Испитниот центар „-------- – ------ и оформен е предмет број 12-2864/1 од 28.10.2025 година.
Подносителот на пријавата наведува дека Испитниот центар „------" – -----, не ги организира и спроведува возачките испити согласно одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за начинот на спроведување на возачките испити. Посочува дека се фаворизираат кандидатите кои доаѓаат од одредени автошколи преку доделување термини за полагање преку ред, како и вршење директен и индиректен притисок на кандидатите дека, доколку се пријават во одредени фаворизирани автошколи, побрзо ќе го положат испитот за возачка дозвола.

Исто така, наведено е дека Испитниот центар, со Решение бр.------ од 04.09.2024 година, повикувајќи се на донесеното Решение од министерот за внатрешни работи на РСМ, го поништил положениот теоретскиот дел од возачкиот испит на кандидатот ---------- со што ги прекршил одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, бидејќи решение за поништување на возачки испит може да донесе исклучиво Министерството за внатрешни работи на РСМ.

При разгледувањето на пријавата бр. 12-2864/1 од 28.10.2025 година, ДКСК констатира дека станува збор за пријава во која се содржани исти наводи по кои ДКСК веќе има постапувано по предмет заведен под број 12-1798/1 од 13.06.2024 година и за кој е одлучено на 14-тата седница одржана на ден 28.01.2025 година, при што е донесена одлука од своја надлежност, заведена под број 12-567/1 од 05.02.2025 година, со која пријавата се отфрла, од причина што истата е доставена на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи на РСМ.
По разгледувањето на предметниот случај, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување, бидејќи во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапувано по предмет со слична фактографија и се има произнесено по истите, како и донесено одлука од своја надлежност.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar